РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-3868/7
28.11.20 19 год.
СКОПЈЕ

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација<br>сала за состаноци – кабинет на министер | | |
| **Датум** | 14.11.2019 година | **Време** | 10:00 – 12:00 часот |
| **Бр. на седница** | Продолжение на втора седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | |
| **Други поканети на состанокот** | / | / | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од продолжението на втората седница ;
2. Имплементација на Мерката во точката 2.1.1 од НОБП: Улогата и надлежностите на идната Дигитална Агенција

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на втората редовна седница го отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на телото, со што НКБК може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на втората седница, одржана на 07.11.2019 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

По однос на втората точка за улогата и надлежностите на идната Дигитална Агенција, членот на НКБК, Боро Јакимовски, информираше дека заедно со Анастас Мишев имаат разгледувано искуства на повеќе земји кои навремено формирале тело слично на Дигиталната агенција, со посебен акцент на искуствата на Јужноафриканската Република. Тој нагласи дека текстот на законот кој ја регулира работата на нивната Дигитална Агенција е добро структуиран со стриктно одредени надлежности на нејзиното функционирање.

Во продолжение на дискусијата се отворија прашања од страна на членовите на НКБК околу активностите на МАРнет. Сашко Мукаетов нагласи дека физичката инфраструктура на МАРнет е наменета за затворен круг на корисници/субјекти и дека согласно НОБП, МАРнет има обврска слободните оптички влакна да ги даде на користење на ЈП МРД за развој на истата. Исто така, во одредени случаи и МАРнет ќе користи слобдни оптички влакна од НТОМ за пристап до одредена образовна институција.

Притоа, Димитар Буковалов укажа на потребата за децидно прецизирање на надлежностите на институциите, на што се надоврза Зоран Дервишов укажувајќи дека при градење на НОТМ е потребна сеопфатна анализа, а со цел нејзина оптимизација која ќе биде во интерес не само на МАРнет, туку и на другите институции кои во иднина ќе бидат поврзувани од страна на ЈП МРД.

Во текот на дискусијата, членовите се согласија да се изземе алинејата 8 од членот 24 од предлог текстот на законот, која се однесуваше на обезбедување Единствен регистар на постојни и планирани оптички инфраструктури, од причина што истото претставува законска обврска на АЕК.

Исто така, на состанокот беше договорено да се укаже на правниот тим кој ќе го

подготвува предлог законот, Дигиталната Агенција во својот (полу)годишен извештај до МИОА или до Владата да има обврска покрај другото да доставува податоци и за:

- бројот на приклучени јавни институции за кои Дигиталната Агенција обезбедува електронски комуникациски услуги, по назив и капацитет ;

- одредени QoS параметри за услугите што им ги обезбедува на јавните институции.

На состанокот членовите на НКБК ги разгледаа и едногласно ги усвоија предлог надлежностите на Дигиталната агенција во однос на обезбедувањето на електронски комуникациски мрежи и услуги за јавните институции, кои официјално ќе му бидат доставени на министерот за информатичко општество и администрација.

Членовите на НКБК се согласија следното продолжение на втората седница да се одржи на 28.11.2019 година, во 10.00 часот и на него да бидат поканети претставници на Агенцијата за електронски комуникации и на АД МЕПСО, од аспект на имплементација на НОБП и развој на бродбенд пазарот.

Записникот го водеше **Владимир Соколов**

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов**

# Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

## Министерство за информатичко општество и администрација

Датум на одржување 14.11.2019 год.

Листа за присуство на состанокот

| Членови на НКБК | | Други поканети на состанокот | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | потпис | Име и презиме | Потпис | Контакт |
| Димитар Буковалов | [signature] | | | |
| Анастас Мишев | [signature] | | | |
| Боро Јакимовски | [signature] | | | |
| Сашко Мукаетов | [signature] | | | |
| Зоран Дервишов | [signature] | | | |
| Славица Настеска | [signature] | | | |
| Имер Далипи | [signature] | | | |